**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ -

УП бр.1310-34
Бр.на постапка 64099
од 18.11 .2024 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

**За организирање на јавен увид по**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - семејни куќи за времен престој - викенд куќи, на КП 62/19 КО Отовица - вонград, Општина Велес.

Границата на проектниот опфат се движи:

- на северна страна граничи со соседната парцела: КП 62/20;
- на источна страна граничи со локален пристапен пат на КП 501/1,
- на јужна страна граничи со соседни парцели: КП 62/6 и КП 62/21 и
- на западна страна граничи со соседна парцела КП 62/18.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 4743м², односно 0,47 Ха.

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - семејни куќи за времен престој - викенд куќи, на КП 62/19 КО Отовица - вонград, Општина Велес, ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 дена, од 19.11.2024 до 04.12.2024 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk). Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев